Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA

Дел. бр. 11-27-29/1
16-07-2021 година

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ВО ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУАВЊЕ СО КРИЗИ ЗА 2021 ГОДИНА

Скопје 2021 година

Центарот за управување со кризи, заедно со своите тела, Управувачкиот комитетот и Групата за процена, предлага одлуки и обезбедува навремен и ефикасен одговор, консултација, координација, и соодветно користење на ресурсите што се на располагање во случај на кризна состојба.

Центарот за управување со кризи обезбедува навремена, квалитетна и реална процена на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од ризици и опасности и претставува единствена институција - носител на управувањето со кризи. Центарот е посветен на континуирана меѓуресорска и меѓународна соработка, единствена процена на ризиците и опасностите и вкупна поддршка (стручна, организациона, административна и друга) на Управувачкиот комитет и на Групата за процена. Својата работа Центарот ја базира на принципите на законитост, објективност, непристрасност и интегритет во работењето, правни, етички и морални стандарди.

Со цел откривање и спречување на корупција и судир на интереси во насока на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси и Планот за борба против корупцијата „Акција 21", Центарот за управување со кризи ќе ги преземе следните активности:

1. Изготвување на Упатство за уредување и регулирање на управувањето со можните ризиците од корупција и судирот на интереси кои негативно се одразуваат на работењето на Центарот, односно:

    - Злоупотреба на овластувања заради стекнување лична корист или корист за други поврзани лица или трета страна;

    - Судир на интереси кога во процесот на донесување на одлуки освен објективеното извршување на службените задачи се вклучени и други причини (лични/семејни, економски, политички интереси или национална припадност) кои влијаат на непристрасноста на процесот;

    - Друг вид на можни злоупотреби и измами (кражба, подмитување, затајување, фалсификување, лажно претставување, тајно договоарање, прикривање на факти).

2. Интегрирање на процесот на управување со ризици од корупција во постоечката рамка за управување со ризик, односно дополнување и ажурирање на донесената Стратегија за управување со ризици, со идентификување, оценка и управување со ризици од корупција, судир на интереси и измама и креирање на поширок обврзувачки систем за управување со ризик преку:

    - Проценка на ризиците од корупција и судир на интереси од страна на работна група формирана со цел координирано управување со ризиците во ЦУК (со сите аспекти на идентификација, анализа, евалуациски третман, спроведување, комуникација, следење и известување);

- Воспоствување на ефикасна политика за борба против корупција и судир на интереси со цел реализација на планот за спречување на корупција и анти-измама;

- Обука за подигнување на свеста на вработените за корупција и судир на интереси.

3. Раководителите на секторите во ЦУК кои се одговорни за секојдневно управување со ризици и спроведување на акциските планови, да се обврзат за:

   - Проактивно идентификување и разгледување на подложноста на институцијата на внатрешни и надворешни закани за нелегално и неетичко однесување;

   - Континуирано функционирање на соодветен систем за внатрешна конторла во рамки на надлежноста што ја имаат;

   - Откривање и спречување на корупција и судир на интереси;

   - Спроведување на анализи врз основа на сите можни извори на информации за да се идентификуваат ризиците и сомнежите за корупција и судир на интереси, со цел предлагање на мерки за заштита;

   - Примена на корективни мерки;

   - Тековно следење и подобрување;

   - Воспоставување на јасни структури за отчетност;

   - Воспоставување на јасни политики и постапки за известување.

4. Воспоставување на ефикасен систем за откривање, контрола и спречување на корупцијата и судирот на интереси и систем на нивно отстранување, односно намалување на ефектот од нивното појавување.

5. Воспоставување на процедура/постапка за пријавување сомнежи за корупција и судир на интереси преку лицето за пријавување на неправилности во ЦУК, врз основа на референтните прописи за заштита на укажувачите.

6. Идентификување на ризиците за корупцијата и судирот на интереси со мапирање на процеси во рамките на областите во ЦУК прикажани во табелата што следи:

| | |
|---|---|
| ОПШТИ ОБЛАСТИ:<br>(Области кои се идентични за сите<br>институции) | - Раководење со институцијата<br>- Управување со човечки ресурси<br>- Финансиско управување<br>- Јавни набавки<br>- Управување со документи<br>- Управување си ИКТ<br>- Безбедност на институцијата |
| СПЕЦИФИЧНИ ОБЛАСТИ:<br>(Посебни/специфични компетентности/области на институцијата) | - Оперативна координација и подготвка на субјектите во системот за управување со кризи и евиденција на ресурси<br>- Единствена процена на ризици и опасности за разрешување на кризна состојба<br>- Координација и поддршка на Управувачки комитет, Група за процена и Главен штаб<br>- Воспоставување на единствен повикувачки број за итни случаи 112<br>- Меѓународна соработка<br>- Инспекциски надзор |

7. Разгледување и решавање на сите случаи на сомневање за корупција и судир на интереси или реална корупција и ефективен судир на интереси, со цел подобрување на системот за внатрешни контроли.

8. Спроведување на политика за нулта толеранција на корупцијата и судирот на интереси.

9. Обезбедување на обука за вработените во ЦУК за начинот на спречување на корупција и судир на интереси во интервал најмалку еднаш годишно.

Изработил: Катерина Симеонова

в.д. ДИРЕКТОР

Стојанче Ангелов